РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Национален совет за евроинтеграции**
бр. 30- 4826/1

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

18 ноември 2009 година

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции продолжува со организирање на јавни расправи за законите за кои е неопходна поширока дебата, а која ќе овозможи донесување на квалитетни закони и соодветна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија.

Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции и Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Македонија ве поканувaат да учествувате на јавната расправа

**„Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија"**

Јавната расправа ќе се одржи на **26 ноември (четврток) 2009 година, со почеток во 10.00 часот, во Собранието на Република Македонија, во сала Борис Трајковски**.

Воведни излагања ќе имаат г. Нецат Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање и г. Ралф Бергман, политички спикер за прашања од животна средина од Федералната држава Саксонија Анхалт, СР Германија.

Во прилог на Вашата електронска пошта Ви се доставуваат:

- Политиките на Европската унија за животна средина и климатските промени, документ подготвен од Секторот за поддршка на Националниот совет за евроитнеграции;
- Втор Национален еколошки акционен план;
- Национална стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012;
- Национална стратегија за инвестиции во животната средина, 2008 – нацрт верзија за консултации и
- Национална стратегија за апроксимација во животната средина, 2008 година

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до 25 ноември (среда) 2009 година на email: nsei@sobranie.mk, тел. 3113 539.

Со почит,

**Претседател на**
**Националниот совет за евроинтеграции**

**Радмила Шекеринска**

**Официјален претставник на**
**Фондацијата Фридрих Еберт, Македонија**

**Др. Хајнц Бонгартц**